Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2208
15.04.2026 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИ

Врз основа на член 479 од Законот за трговски друштва, член 37 и 78 од Статутот на ГД Гранит АД Скопје и член 7 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, како и во согласност со Кодексот за корпоративно управување на акционерските Друштва на Македонската берза, Надзорниот Одбор на 32-та редовна седница, одржана на ден 15.04.2026 година, ја усвои и на Собранието му предлага да ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. За ревизија на годишната сметка, консолидираната годишна сметка, посебните финансиски извештаи и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит АД Скопје за 2026 година, се избира Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.
2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

При изборот на надворешен ревизор за годишната и консолидираната сметка и посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит за 2026 година, Надзорниот Одбор особено го ценеше исполнувањето на следниве критериуми:
- искуство и стручност;
- репутација и квалитет;
- усогласеност со регулатива;
- достапност и флексибилност.

Притоа, имајќи во предвид дека Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје постои од 1998 година и од мај 2013 година има добиено трајна лиценца за вршење на работи на ревизија издадена од СУНР – Совет за унапредување и надзор на ревизијата, при што има вработено 11 лица, од кои 6 овластени ревизори, 3 ревизори, 1 овластен сметководител и 1 техничко лице и сметководител, Надзорниот Одбор цени дека Друштвото ги исполнува во целост критериумите на искуство и стручност и усогласеност со регулатива.
Понатаму, како резултат на својата професионалност во работата и стекнатиот углед Друштвото за ревизија има склучени договори за вршење на ревизија со околу 40 - 50 клиенти во Република Северна Македонија, со што недвосмислено го исполнува критериумот на репутација и квалитет.

На крај, имајќи ја во предвид претходната повеќегодишна соработка и професионално вршена ревизија во рамките на договорените рокови и согласно динамиката на ГД Гранит АД Скопје, се цени дека го исполнува и критериумот на достапност и флексибилност.

Имајќи ги во предвид горенаведените критериуми за избор на надворешни ревизори, како и исполнувањето на сите критериуми од страна на Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Надзорниот Одбор му предлага на Собранието да изврши реизбор на надворешните ревизори за годишната и консолидираната сметка и посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД Гранит АД Скопје за 2026 година.

Претседател на Надзорен Одбор
Ивана Милковска Симева

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
- Собрание на акционери
- Македонска берза
- Сектор за ПКОР
- Сектор за финансии
- А р х и в а